РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-219/4
03-06-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-2943/1 од 14.11.2024 година против лицето -------------, Државен советник --------------------------, СЕ ЗАПИРА.
Државната комисија за спречување на корупцијата не утврди повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои се однесуваат на забрана за вршење на други дејности, наведеното лице извршува само една функција.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од непознат подносител со наводи за кумулација на функции кај --------------, односно лицето е именувано на функција Член на Управен одбор на ------------- и истата е предложена од Министерот ------------, за член на Управен одбор во -------------. Понатаму во пријавата има наводи дека Министерот --------------- ---------------, по стапување на функција ја распределил ----------- од работно место Државен советник на работно место ----------------, за да подоцна ја предложи за член на Управен одбор ----------------.
Според пријавителот, Министерот -------------- назначил за член на Управен одбор во ----------, лице кое во моментот е ---------------, односно не е раководен административен службеник.
Заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите во пријавата, ДКСК се обрати до надлежни институции и врз основа на прибавената документација се утврди следново:
Лицето ----------------- е на раководна позиција во Министерство -------------- од 05.02.2001 година со звање Помошник раководител на ---------------, со решение од Министер за -----------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

--- со бр. 04-369/1 од 05.02.2001 година. Понатаму, наведеното лице со Решение за распоредување на државен службеник со бр. 01-300/6 од 07.02.2001 година е распределена на работно место Државен советник -------------. Со решение на Министерот -------------- со бр. 01-2625/3 од 22.07.2010 година, ------------, повторно е распределена на работно место Државен советник -----------, за да на 04.01.2011 се стекне со звањето државен советник --------------.

Понатаму, по дополнителна доставена документација од Министерство за правда е утврдено дека лицето --------------, државен советник за ---------------, со Решение за овластување на државен службеник со бр. 02-1124/1 од 08.05.2025 година е овластено да извршува дополнителни работни задачи за поефикасно организирање и функционирање на работата на ---------------------------.

На ден 09.10.2024 година од ---------------- до Министерот за ---------- е доставено Барање за номинација на еден член и еден заменик во Управниот одбор на -----------со бр. 03-415/5. Во Барањето е наведено дека номинираните лица треба да бидат од редот на раководните административни службеници во Министерството ----------- со најмалку осум години работен стаж на раководна позиција и со позитивни резултати во работата, понатаму во барањето е наведено дека лицата треба да ги исполнуваат законскиот услов административни службеници во Министерството ---------- со најмалку осум години работен стаж на раководна позиција и со позитивни резултати во работата.

На 22.10.2024 година со одговор на Барање со бр.21-2657/2, Министерот ја номинирал -------------- за член на Управен одбор на -------------.

Номинацијата е прифатена на членот за Управен одбор ------------------, истата е објавена на веб страната на ----------------.

Во член 9 став 5 од ЗАСЈО е предвидено следново:

*(5) Министерот за правда назначува еден член и негов заменик во Управниот одбор од раководните административни службеници во Министерството за правда со најмалку осум години работен стаж на раководна позиција и со позитивни резултати во работата.*

Согласно доставената документација од Министерство ---------, лицето ------------ е на работно место Државен советник за ---------------, кое влегува во категоријата Б1 - раководен административен службеник од прво ниво, согласно член 24 став 1 алинеја 1 од Законот за административни службеници.

По однос на наводите од пријавата за кумулација на функции кај лицето --------------, истите не се потврдуваат, затоа што врз основа на одговор од ------------ е утврдено следново: Лицето ---------- на 12.12.2024 година поднела барање за престанок на членство во Управен одбор на ---------------- со бр. 09-4579, а истата е разрешена од истата функција со Решение за констатирање на престанок на мандат и именување на член на Агенција ------------ со бр. 18-817/2 од 28 јануари 2025 година донесено од ----------------.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

При вака констатирана фактичка состојба ДКСК нема законски надлежности за натамошно постапување по предметот, бидејќи во моментот лицето извршува само една функција член на Управен одбор на ------------.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок до седница на ДКСК
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk